Согласно договорот за финансиска поддршка помеѓу Општина Битола и Министерство за локална самоуправа бр. 08-1024/1 од 19.12.2018 Општина Битола објавува,

# ЈАВЕН ПОВИК

За ангажирање на 9 тутори кои ќе вршат дополнителна туторска настава за учениците Роми од ОУ „Ѓорги Сугарев“ .

## I. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА КАНДИДАТИ ЗА ТУТОРИ

Право да се пријават за тутори имаат кандидатите кои ги исполнуваат следните критериуми:

1. Да се студенти во трета, четврта година на студирање, апсолвенти или дипломирани на акредитирани факултети во Република Македонија;
2. Да се државјани на Република Македонија;
3. Да се препознатливи во Ромската заедница и да имаат желба да работат со деца Роми од основно образование

**Потребата за ангажман на тутори е за период од 4 месеци, односно од 10 Февруари до 10 Јуни 2019 година за секој работен ден (Понеделник до Петок) по два часа, дневно за надоместок од 5.580,00 ден.**

## II. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ:

1. Пријава за тутори ;
2. Професионална биографија (CV);
3. Уверение за положени испити или принтана верзија од електронски индекс со оцени;
4. Друга документација која кандидатот смета дека ќе му биде во прилог на апликацијата.

Заинтересираните кандидати да се јават во период од 4 работни денови од денот на објавување на огласот, заклучно со 07.02.2019.

Бараните документи можат да се достават во просториите на Општина Битола ул. „Булевар 1 Мај“ бр.61 на шалтер бр 1.

Бр.08- 111/1
04.02.2019

ГРАДОНАЧАЛНИК
м-р Наташа Петровска